Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори
24.03.2017 год.

***Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори до Министерство за животна средина и просторно планирање во март оваа година достави предлог за измени во законите за посебните текови на отпад***

Предмет: Предлог измени во законите за посебните текови на отпадот

Во името на колективните постапувачи со посебните текови на отпадот најнапред би сакале да Ви заблагодариме на можноста низ средби со претставниците на проектот „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на Рамковната Директива за отпад и посебните текови на отпадот (ОЕЕО, ОБА и ОП)„ да ги изнесеме видувањата по одредени закони како Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на РМ" бр.161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/11, 63/13, 146/15 и 39/16), Законот за отпад од батерии и акумулатори како и Законот за електричен и електронски отпад.

На состанокот одржан на 09.03.2017 на кој присуствуваа најголем дел од компаниите - колективни постапувачи (Елколект Доо, Нула Отпад Доо, Еко-електрон, Пакомак Доо, Еуроеко-пак Доо, Екопак-хит Доо, Екосајкл Доо) утврдени се неколку точки кои сметаме дека треба да бидат адресирани во измените на гореспоменатите закони, а ги засегаат сите компании-колективни постапувачи независно од типот на отпадот кој го управуваат со своите системи и тоа:

1. **Утврдување на вкупните количини на отпад по фракции** (пакување, батерии и акумулатори, електричен и електронски отпад)кои годишно се пуштаат на пазарот во Р. Македонија. Истото треба да се направи со транспарентна и усогласена методологија, со што ќе се утврдат реалните количини отпад по фракции, како контиуиран процес и истите да бидат објавени во Сл.весник

   Ова е неопходно од причина што сите колективни постапувачи имаат исти цели поврзани со пазар удел, за што се потребни референтни и релевантни количини за вкупниот отпад по фракции кој е пуштен на пазарот.
2. **Укинување на постоењето "мал производител"** –со цел да се спречи можноста за евазија на оваа давачка од страна на производителите кои се декларираат како мали производители без претходно да направат анализа и мерење на количините отпад кои ги генерираат со своите производи. На тој начин, и овие производители ќе бидат обврзани да станат дел од системот и да се грижат за отпадот што се генерира од нивните активности што ќе придонесе кон подобро спроведување на законите и нивно вклучување во системот на управување со вкупниот отпад по фракции , што ќе придонесе во создавањето на услови за зачувување на животната средина.

3. **Верификување на точноста на податоците** односно количините отпад кои производителите ги пријавуваат во колективните постапувачи. Се јавува потреба да се зајакне капацитетот на Управата со тим од обучени лица кои ќе имаат капацитет да вршат контрола на точноста на пријавените количини отпад од производителите во системите на колективните постапувачи. Ваквиот тим би бил посебно фокусиран на имплементирање на трите закони за управување со селектиран отпад по фракции (1) пакување, (2) електричен и електронски и (3) батерии и акумулатори.
4. **Креирање централна евиденција (софтвер) за собраните и рециклирани количини** од страна на колективните постапувачи, а со цел да се спречи можноста за манипулација од страна на компаниите-собирачи и рециклатори. Со ова би се превенирала можноста исти количини отпад да се пријавуваат во два или повеќе колективни системи за управување со соодветна фракција на отпад. Пријавените количини, освен од колективните системи треба да се верификуваат и од крајните поседувачи на отпадот (рециклатори со дозвола за третман и преработка на отпад).
5. **Дефинирање минимална висина на надоместок по тон отпад,** под кој колективните постапувачи не смеат да наплатуваат од производителите. Тој минимален надоместок може да биде изразен како процент од надоместоците кои би ги наплаќала државата дефинирани во законите (чл. 40 и/или 41 во одделните закони). Висината на надоместоците би се ревидирала на годишно ниво. Со ова значајно би се подобрила конкуретноста на пазарот и би се зголемил квалитетот на услугата која колективните постапувачи ја нудат ,со што ќе се подобри и економскиот амбиент на пазарот.
6. **Изработка на упатства за еднозначно пополнување на формуларите/табелите** во Годишните извештаи и поедноставување на истите. Преку подготовка на упатствата со кои целосно и детално ќе се регулираат сите релевантни елементи, кои треба да бидат дел од овие документи (формулари/табели) ќе се олесни реализацијата на законските решенија.
7. **Ревизија на Националните цели најмалку на три години и нивно објавување во Службен весник на РМ .**
8. **Изработка на подзаконски акти со кои целосно** и детално ќе се регулираат овие закони (согласно законите каде истите недостасуваат).

Се надеваме дека предлозите за измена на законите поврзани со отпад ќе наидат на Ваше разбирање и истите ќе бидат изразени во соодветни законски решенија. Веруваме дека со овие решенија ќе се овозможи поголема имплементација на сите закони за управување со посебните текови на отпадот.

Со почит,

Претседател,
Владо Момировски с.р.